# ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛЕКАРИ - ОХРИД

# СТАТУТ

ОХРИД,2009 ГОДИНА

***СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЛЕКАРИ - ОХРИД Е ДОНЕСЕН НА СОСТАНОКОТ НА ОСНОВАЧКОТО СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ОДРЖАН НА 10.03.2009 ГОДИНА.***

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: називот, седиштето, дејноста и задачите на Здружението на лекари - Охрид ( во натамошниот текст Здружението), правата и обврските на членовите на Здружението, организацијата и управувањето, начинот на обезбедувањето на средствата за работа и други прашања значајни за работата на Здружението.

**Член 2**

Здружението е стручна организација на докторите по медицина и докторите по стоматологија ( во натамошниот текст доктори ) .
Членувањето во Здружението е чест и морална обврска на докторите кои живеат на територијата на Општина Охрид.

**Член 3**

Активноста и работата на Здружението во остварувањето на задачите и целите се одвива на територијата на Општина Охрид.

**Член 4**

Здружението има својство на правно лице.

**Член 5**

Дејствувањето на Здружението е јавно. Информирањето и меѓусебното комуницирање на членството се остварува преку одржување на собранија на Здружението, состаноци и соопштенија.

## II. ЗАДАЧИ И ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 6**

Здружението се занимава со стручни прашања и учествува во организирањето и изведувањето на едукацијата на своето членство.
Здружението работи на унапредување на стручното знаење на своето членство, ја негува и развива лекарската етика, го поттикнува и потпомогнува дружењето и развивањето на подобри колегијални односи на докторите.
Здружението соработува со разни медицински организации, органите на локалната самоуправа, како и со владини и невладини организации. Во рамките на тоа покренува иницијативи и дава сугестии за решавање на проблеми од областа на медицинските науки и здравството.

Здружението може да врши и издавачка дејност.

**Член 7**

Здружението на лекари - Охрид:

ја остварува Програмата на Здружението

се грижи за стручно усовршување на членството и за организирање предавања, симпозиуми и др.

соработува со научни и високообразовни институции

соработува со Македонското лекарско друштво, Лекарската комора на Македонија, со државните органи, органите на локалната самоуправа, хуманитарни организации и сродни институции

го следи развојот на здравството на територијата на Општина Охрид

се грижи за правата и обврските на членството што произлегуваат од Статутот

води евиденција за своето членство

## III. ЧЛЕНСТВО

### 1. РЕДОВНИ ЧЛЕНОВИ

**Член 8**

Редовен член на Здружението може да стане секој доктор од територијата на Општина Охрид кој ќе изјави желба за членување во Здружението, ќе го прифати овој Статут и редовно ќе плаќа членарина.

Редовен член на Здружението може да стане и лекар надвор од територијата на Општина Охрид, ако по писмен пат изрази желба за прием. Одлука за прием во членство донесува Управниот одбор.

На секој примен член му се издава легитимација.

### 2. ПРИДРУЖНИ ЧЛЕНОВИ

**Член 9**

Придружни членови на Здружението можат да бидат високо образовани кадри од професии поврзани со медицината ( биолози, физичари, хемичари и др.) кои можат да учествуваат во работата на Здружението, но не можат да бидат бирани на раководни функции на Здружението.Услов за станување придружен член е : потпишување на пристапница за зачленување во Здружението, прифаќање на овој Статут и редовно плаќање на членарината.

Придружните членови добиваат легитимација за прдружен член во Здружението.

### 3. ПОЧЕСНИ ЧЛЕНОВИ

**Член 10**

Почесен член на Здружението може да стане секој доктор, научен, културен или просветен работник и друг граѓанин на РМ, како и странски државјанин кој придонел за развојот на медицинската струка и наука и за

здравственото воспитување на граѓаните, или на друг начин дал придонес во работата на Здружението.

Почесните членови ги избира Собранието на Здружението на предлог на Управниот одбор.

## 4. ДОБРОТВОРИ (ДОНАТОРИ) НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 11

Добротвор на Здружението може да стане секој граѓанин на РМ или странски државјанин кој на Здружението ќе му завешта движен, недвижен имот или финансиски средства.

## 5. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 12

Права и должности на членот се:

-Да се вклучува во сите облици на дејствувањето на Здружението;

-Да ги ужива сите погодности што ги обезбедува Здружението;

-Да избира и биде избран во органите на Здружението;

-Да учествува или да присуствува на сите стручни манифестации организирани од Здружението;

-Можност за стручно усовршување, континуирана медицинска едукација (КМЕ), континуиран професионален развој (КПР) во рамките на работата на Здружението (стручни состаноци, работилници,симпозиуми, школи, и други форми на стручно усовршување, електронски начин на едукација

-Да дава мислења и предлози до органите на Здружението за нивната работа и за извршувањето на задачите.

-Да се грижи со своето однесување да придонесува за сопствениот углед и за угледот на Здружението, придржувајќи се кон Кодексот на медицинската деонтологија на лекарите на Македонија;
-Да го прифати Статутот на Здружението, да потпише пристапница и редовно да ја плаќа членарината.

**Член 13**

Членовите на Здружението од редот на невработените и пензионираните доктори се ослободени од обврската за плаќање членарина

## 6. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО

**Член 14**

Членството во Здружението престанува:
со писмена изјава на членот дека истапува;
поради неплаќање на членарина последователно во тек на шест месеци, а по претходна писмена опомена;
Во случај на смрт на членот.

# IV. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 15**

Органи на Здружението се:
Собрание
Управен одбор
Надзорен одбор

За својата работа сите органи на Здружението се одговорни пред Собранието.

**Член 16**

Изборите на органите на Здружението се спроведуваат на изборно Собрание и тие се јавни.

Управниот одбор започнува со спроведување на кандидационата постапка најмалку 15 дена пред изборите. Собранието ја разгледува листата на кандидатите.

Мандатниот период на органите на Здружението е 4 години.

## 1. СОБРАНИЕ

**Член 17**

Собранието е највисок орган на Здружението. Се состанува еднаш годишно, а секоја четврта година се одржува Изборно Собрание.

Вонредно Собрание може да свика Управниот одбор на сопствена иницијатива или на барање на најмалку 30 членови на Здружението.

**Член 18**

Управниот одбор го најавува Собранието најмалку 15 дена пред одржувањето со предлог на дневниот ред и писмено известување до членовите на Здружението.

На годишното Собрание може да учествува и има право на одлучување секој редовен член на Здружението.

Одлуките на Собранието се важечки доколку за нив гласало мнозинството од присутните членови. Собранието може полноважно да одлучува доколку се присутни повеќе од 1/3 од членовите на Здружението.

Одлука за распуштање на Здружението може да донесе Собранието доколку за тоа се изјаснат повеќе од половината од вкупниот број на членови на Здружението.

Во случај раководството на Здружението да се повлече или да му биде изгласана недоверба, Управниот одбор задолжително свикува вонредно изборно Собрание во рок од триесет (30) дена.

**Член 19**

Собранието го утврдува дневниот ред и избира работно претседателство.
Собранието:

Донесува Статут и други општи акти на Здружението и врши измени и дополнувања на Статутот

Ги разгледува и усвојува извештаите на Управниот одбор и Надзорниот одбор

Усвојува Програма за работа на Здружението

Избира почесни членови на Здружението

Врши и други работи кои се утврдени со одредбите на овој Статут или другите акти на Здружението

## 2. УПРАВЕН ОДБОР

**Член 20**

Управниот одбор е извршен орган на Здружението.

Управниот одбор го сочинуваат 9 членови избрани на Изборно Собрание.

Од редот на своите членови Управниот одбор избира претседател, потпретседател и секретар со мандат од четри години и можност за реизбор во уште еден мандат.

**Член 21**

Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од сите членови.

Во работата на Управниот одбор по покана, без право на одлучување, можат да земат учество претседателот на Надзорниот одбор, Претседателот на ОО на Лекарската комора и други поканети.

**Член 22**

Управниот одбор го свикува претседателот или потпретседателот во негово отсуство. Управниот одбор се состанува по потреба, но најмалку 4 пати годишно. За секоја седница се води записник. На секоја седница се проверува спроведувањето на одлуките од претходната седница.

**Член 23**

Задачи на Управниот одбор се:

Ги извршува одлуките на Собранието;

Ја води и организира работата на Здружението меѓу две Собранија;

Се грижи за остварување на програмата на Здружението;

Може да именува Комисии;

Ја поттикнува, ја следи и ја координира работата на членовите;

Го насочува финансиското работење;

Управува со имотот на Здружението;

Подготвува прилози за Собранието и предлага дневен ред;

Расправа за почесни членови, добротвори и награди на Здружението

**Член 24**

Претседателот на Здружението:

Го застапува и претставува Здружението;

− Ги свикува и води седниците на Управниот одбор, Собранието на Здружението и други собири;

Се грижи за спроведување на донесените одлуки;

Ги потпишува документите и писмената кореспонденција;

Раководи со финансиското работење на Здружението;

Во консултација со стручни лица составува и изработува годишна пресметка на Здружението;

Ја координира работата на стручно-административните соработници;

Одговорен е за обезбедување јавност во работата на Здружението;

**Член 25**

Потпретседателот на Здружението го заменуваат отсутниот претседател и ги извршуваат задачите што ќе му ги довери претседателот.

**Член 26**

Секретарот на Здружението:

Подготвува материјали за седниците на Управниот одбор и се грижи за спроведување на одлуките;

Ги уредува тековните административни работи;

Составува извештаи за Собранието;

Ги проверува записниците од седниците и состаноците на Управниот одбор;

Извршува посебни задолженија по налог на претседателот на Управниот одбор;

## 3. КОМИСИИ

**Член 27**

Управниот одбор може да формира Комисии.

Работата и задачите на Комисиите се уредуваат со Правилници, што ги донесува Управниот одбор.

Составот на комисиите го утврдува Управниот одбор; тој ги именува и разрешува.

## 4. НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 28**

Надзорниот одбор го сочинуваат претседател и два члена.

Членовите на Надзорниот одбор ги предлага, избира и разрешува Собранието. Надзорниот одбор врши надзор врз финансиското и материјалното работење на Здружението и за тоа му поднесува извештај на Собранието. Надзорниот одбор на Собранието може да му предложи и разрешување на Управниот одбор на Здружението.

Одлуките на Надзорниот одбор се важечки доколку работи во полн состав и ако за одлуката гласале барем два члена.

Претседателот на Надзорниот одбор може да земе учество во работата на Управниот одбор на Здружението.

## 5. АДМИНИСТРАТИВНО- СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

**Член 28**

Здружението може да ангажира соработници за обавување на административно-стручните работи на Здружението. Одлуката за 12

потребата од ангажирање, висината на надоместокот и изборот на овие соработници го врши Управниот одбор.

### 6. ПРИЗНАНИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 30**

Здружението на предлог на Комисијата за награди и признанија доделува признанија за постигнати резултати во струката, во унапредување на здравствената дејност и за работата во Здружението.
Условите за стекнување на признанија се уредуваат со посебен Правилник.

## V. ИМОТ И МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 31**

Здружението може да поседува движен и недвижен имот. За имотот на Здружението се грижат Собранието, Управниот одбор и административно-стручните соработници.

**Член 32**

Здружението обезбедува материјални средства за постоење и работа од:

- членарина, што ја утврдува Управниот одбор
- доброволни прилози, подароци и завештанија
- со доход од организирање семинари, курсеви, приредби, публикации и сл.

**Член 33**

Финансиско-материјалното работење на Здружението се врши во согласност со законските прописи.

## VI. ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 34**

Во случај на престанок на Здружението, имотот на Здружението стекнат во работата ќе се пренесе во добротворни цели и на медицинските установи на територијата на Општина Охрид

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 35**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 36**

Во рок од една година од донесувањето на овој статут ќе бидат донесени општите акти на Здружението.

**Член 37**

Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи досегашниот Статут на Здужението на лекарите на Општина Охрид.

Претседател на<br>
Здружението на лекари - Охрид<br>
Прим.д-р.Илија Прангоски